„Реков: ‚О, Аллахов пратенику, кому треба најмногу да му укажам добрина?‘ Тој одговори: ‚На мајка ти, па на мајка ти, па на мајка ти, па на татко ти, а потоа на оние што се најблиски – според роднинската блискост.‘“

Бехз бин Хаким, пренесува од неговиот татко, а тој од неговиот дедо, дека рекол: „Реков: ‚О, Аллахов пратенику, кому треба најмногу да му укажам добрина?‘ Тој одговори: ‚На мајка ти, па на мајка ти, па на мајка ти, па на татко ти, а потоа на оние што се најблиски – според роднинската блискост.‘“

[حسن] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека најзаслужна за добрина, внимание, убав однос, соживот и чување на роднинските врски – е мајката. Тој трипати го повторил нејзиното право, за да ја истакне нејзината вредност над сите луѓе – без исклучок. Потоа рекол дека по мајката доаѓа таткото, а потоа роднините – по редослед на блискост. Колку е некој поблизок, толку е поголемо неговото право на поврзување преку роднински врски.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/58188